Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за спојување и делење на градежни парцели во опфатот на
Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“
– измени и дополнувања Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за спојување и делење на градежни парцели во опфатот на Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“ – измени и дополнувања Општина Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на 09.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-315/1
11.02.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на  член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на 09.02.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спојување  и делење на градежни парцели во опфатот на Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“ – измени и дополнувања Општина Битола**

**Член 1**

Со ова одлука се утврдува начинот на спојување и делење на градежните парцели во опфатот на Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени – измени и дополнувања Општина Битола.

**Член 2**

Се утврдува дека две или повеке градежни парцели  дефинирани во Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени – измени и дополнувања Општина Битола  можат да се спојат во една градежна парцела доколку тоа го бара технолошкиот процес на производство во објектите, или пак една градежна парцела да се дели на две.

Спојувањето на две или повеке парцели  во една и делењето на една градежна парцела на две ќе се врши преку изработка на архитектонско урбанистички проект.

**Член 3**

Ова Одлука е составен дел на Одлуката за донесување на Урбанистичкиот План вон населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени – измени и дополнувања Општина Битола .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-279/3
09.02.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост
на Република Македонија без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на 09.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-315/2
11.02.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општината Битола („Сл. весник на РМ“ бр. 169/2010), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на 09.02.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење на недвижна ствар во сопственост на Република Македонија без надоместок

### Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола прифаќа трајно да ја користи без надоместок недвижната ствар – објект бр. 6 кој се наоѓа во Касарната „Стеван Наумов – Стив“ во Битола во вкупна површина од 1.673 м2, лоциран на КП бр. 17595/1, Катастарска Општина Битола, евидентирани во Имотен лист бр. 26860, сопственост на Република Македонија.

### Член 2

За примопредавањето на недвижната ствар ќе се состави записник.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-279/4<br>09.02.2011 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на 09.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-315/3<br>11.02.2011 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 42 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 53/01) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на 09.02.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола

### Член 1

Во Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 16/06) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 1 точка 1 Станбена зона-Колективна и индивидуална, се додава нов став кој ќе биде прв и ќе гласи: „Екстра зона“.

Екстра зона го опфаќа ДУП АРМ ЧЕТВРТ 1, 2 и 3 Битола.

2. Во точка 2 – Деловна зона, став 1 Екстра зона се додава ДУП АРМ ЧЕТВРТ 1, 2 и 3 Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-279/5
09.02.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за пристапување кон изработување на
сообраќајна студија за град Битола

1. Ја објавувам Одлуката за пристапување кон изработување на сообраќајна студија за град Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на 09.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-315/4
11.02.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 6 и 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл. весник на РМ“ бр. 54/07, 86/07, 86/08, 98/06, 64/09 и 161/09) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на 09.02.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за пристапување кон изработување на сообраќајна студија за град Битола

Член 1

Со оваа Одлука се пристапува кон изработка на сообраќајна студија за град Битола.

Член 2

Сообраќајната студија ќе се изработува во фази.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-279/6<br>09.02.2011 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска